# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ЈУЛИ 2008 - БРОЈ 10










# Гази Баба наскоро со свој плоштад







**РАЗГОВОР СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ**

Вкупната вредност на овој проект изнесува 27 милиони денари, општината ќе учествува со пет милиони, а другите ќе се обезбедат од донации

**Што ве поттикна да одлучите да се изгради плоштад во населбата Автокоманда, меѓу булеварот Александар Македонски и улицата Јани Лукровски?**

- Никаде во општината немавме место каде што можеше да се организира собир на две - три илјади граѓани, а притоа да не се наруши слободното движење или да не настанат други пречки. Затоа овој плоштад, кој ќе има и бина, постамент за скулптура и фонтана со архаични елементи, ќе ја задоволи таа потреба и таму ќе се организираат културни, забавни и други собири, а ќе биде и добро место за одмор и за рекреација. Тоа, како и исчистените долгови и желбата да оставиме нешто трајно во овој мандат, не поттикна да го правиме плоштадот.

**- Ќе го финансира само општината?**

- Не, ќе имаме и донации. Отсекогаш сме имале одлична соработка со фирмите на нашето подрачје и тие повторно ни излегоа во пресрет и за овој проект. Неговата вкупна вредност, според проектот, е од 25 до 27 милиони денари, а ние ќе одвоиме пет милиони. Сакаме донациите да бидат пред се во градежни материјали, затоа што на тој начин се смалува постапката и се анулираат сомнежите.

**- Кога ќе почне и кога ќе заврши изградбата?**

- Се е подготвено за почетокот на градежните работи. Треба прво да се поплочи површината од 5.768 квадратни метри и околу неа да се насади високо и ниско зеленило, сезонско цвеќе и 14 јасени од типот Ацер на двете граници. Таа работа би требало да заврши до септември, а потоа ќе продолжи изградбата на фонтаната, како и на споменикот.

# Плоштадот на Гази Баба ќе биде гордост на цело Скопје

**- Ги исчиститве сите долгови на општината?**

- Да, сите 120 милиони денари што ги наследивме од претходниот градоначалник. Тоа се наши три годишни буџети, затоа што за уредување на градежното земјиште земаме по 40 до 50 милиони денари годишно. Сега и нашата доверба кај фирмите е на многу повисоко ниво. Ние сме прва општина што го врати главниот долг за улично осветлување кон ЕСМ-ЕВН кој изнесуваше околу 13 или 14 милиони евра. Но, со таа компанија не ни е целосно усогласена документацијата, постојат документи кај нив за извршени работи, а ние ги немаме, па треба наскоро да го решиме и тој проблем.

**- Активно се вклучивте и во намалувањето на инцидентите меѓу средношколците од училиштата во општината, особено тие што се случуваат во градските автобуси.**

- Моравме нешто да сториме за тоа. Одржавме повеќе состаноци со директорите на средните училиштата, месните заедници, претставници на МВР, градот и на ЈСП. Сепак, најмногу инциденти се случуваат во автобусите со број 65. Затоа набавивме камери за две возила што сообраќаат на оваа линија, со кои ќе се бележи секој инцидент што се случува во нив. Камерите се поставени за да не се гледаат и морам да упатам порака до сите дека ако направат инцидент во автобусите сето тоа ќе биде снимено.

**- До каде е развојот на алтернативните извори на енергија?**

- Како општина постојано го промовираме користењето на алтернативните извори на енергија, за да влијаеме на свеста на граѓаните дека тие треба да се користат, затоа што се еколошки чисти и користат природна енергија. Затоа ние ја поставивме првата ветерница во Скопје, во манастирот во населеното место Виниче. Таа има ветерна турбина што може да произведе 40 киловат часови месечно, ако просечната брзина на ветрот е 5,4 метри во секунда. Во низинскиот дел на Скопје нема многу можности да се користи енергијата на ветрот, но тоа треба да се прави во повисоките делови. Со оваа ветерница, како и со сончевите колектори, се задоволуваат потребите за електрична енергија за манастирот. Но, ќе одиме уште подалеку со овој проект, сакаме да набавиме поголема ветерница, која ќе чини 200.000 евра. За тоа ќе бараме пари од европските фондови и од други донатори. Главно е да се смени менталитетот кај насеението. Цената на алтернативната енергија е повисока, но многу држави, како Германија, го стимулираат нејзиното производство.

**- Колку таблите што ги поставивте во населените места го олеснија снаоѓањето на луѓето?**

- Ние сме првата општина што постави табли не само на влезот и на излезот од општината, туку и во секоја населба посебно. Оваа година поставивме табли кои го означуваат влезот и излезот во секое село, кои во општина Гази Баба ги има 15. Минатата година тоа го направивме во урбаниот, а сега и во руралниот дел. Во секое место има барем по две табли, на влезот и на излезот. На овој начин, не само нашите жители, туку и секој посетител ќе знае во која населба се наоѓа. На тој начин движењето е многу олеснето.

**- Се реши ли проблемот со карпите што висеа над селото Страчинци?**

- Тоа требаше да го реши дирекцијата за заштита и спасување. Имаше многу барања од наша страна, но тие не можеа да најдат пари. Затоа ние ангажиравме екипи и некои карпи се отстранети, а околу другите е поставена ограда, така што сега селото е безбедно. А долгот од дирекцијата ќе си го наплатиме во иднина. Таму имаше голема опасност, особено што карпите висеа токму над училиштето.

**- Во руралните делови почнаа да се градат и тротоари?**

- Да, тоа го направивме во Црешево, таму има тротоар долг 450 метри, за првпат во рурален дел. Се договоривме со жителите тие покрај него да засадат цвеќиња и сега местото изгледа одлично. Тротоари направивме и во други населени места, Стајковци, како и на улиците Алија Авдовиќ, Палмиро Тољати, кај паркот Борис Трајковски.

**- Колку игралишта се направени?**

- Направивме четири, во населбите Триангла, Гоце Делчев , Ченто и Синѓелиќ. Го реконструиравме постојното игралиште во Хиподром, а таму сега се прави и терен за кошарка.

**- Што е со водоводните и со канализациските мрежи?**

- И тука успеавме да решиме некои поголеми и долгогодишни проблеми. Се направи атмосферска канализација на една улица во Трубарево, со должина од 385 метри, каде што и при најмали врнежи се создаваше езеро. Долго време мислевме како да го решиме тој проблем и најдовме начин. Фекална мрежа се прави и во населбата Ќерамидница, која ќе биде долга 350 метри. Еден од поголемите проекти е и изградбата на водоводната мрежа на улицата Јужноморавски бригади, со должина од 400 метри. Тоа е во населбата Ченто, спрема гробиштата во Камник. Таму се изградени околу 400 куќи, за местото е изработен и детален урбанистички план, но се уште никој не си го легализирал објектот. И тој проблем ќе мораме да го решиме.

**- Има некои новини и во јавното осветлување?**

- Главна новина е што ќе се нумерира секоја бандера, од 1 до 6.000 и ќе се набави софтвер во кој ќе се вметнат податоци за сите нив, колку се високи, какви светилки користат и, најважно, кога била заменета светилката. На тој начин постојано ќе бидеме во тек за да утврдиме на кои светилки им поминал рокот. Нашата општина е речиси 100 отсто осветлена. Во изминатиов период се направени повеќе проекти, во сите населби. Вкупно се поставени 40 канделабри, 151 бандера, 13.890 метри нови линии за јавно осветлување и 456 валдерни.

Плоштад на општина Гази Баба



## Пролетна дератизација во Гази Баба

Општина Гази Баба минатиот месец почна со пролетна дератизација на шахтите на територија на Општината. Во пролетната акција која траеше две недели, беа опфатени преку две илјади шахти. Целтта на дератизацијата на општинарите беше да се уништат глувците кои излегуваат од шахтите.

Глодарите се уништуваа со препаратот Бродилон, а дератизацијата беше извршена со помош на Заводот за здравствена заштита на Град Скопје и Јавното претпријатие Водовод и канализација.

По префрлувањето на надлежностите од Град Скопје до Општините, Гази Баба редовно, до два пати годишно врши дератизација на нејзиното подрачје.









# Започнаа градежните работи на ЕРА СИТИ

Почна изградбата на првата зграда од комплексот "ЕРА Сити Скопје", што ќе никне на "Скопски саем". Атрактивната деловна зграда ќе се гради на површина од 33.600 квадрати, ќе има десет ката и три подземни гаражи и ќе биде опремена со најмодерна информатичка структура. "ЕРА Сити Скопје" треба да биде најголем и најсовремен деловен, трговски и забавен центар во регионот. Во неговата изградба Групацијата ЕРА во следните пет години ќе вложи околу 150 милиони евра, при што се очекува да се отворат околу 800 работни места. Во повеќенаменскиот комплекс ќе се изгради најголемиот трговски центар во регионот со подземен паркинг, приземје и кат, со вкупна површина од 85.000 квадратни метри. Ќе има и комплекси за други дејности, како фитнес и велнес центри, кино, ресторани... Трговскиот центар со мегамаркетот ќе биде лоциран во средниот дел на "ЕРА Сити Скопје".





# ДУП-ови на WEB страната на Гази Баба

Општина Гази Баба на својата WEB страна започна со поставување на Деталните Урбанистички Планови. Во иднина сите ДУП-ови ќе бидат достапни на WEB страната со цел жителите да можат без доаѓање во општината да проверат податоци кои им се потребни за одредена локација. Поставените планови нема да можат да се користат како официјален документ. Доколку на граѓаните им е потребен извод од ДУП истиот ќе го добијат во Секторот за урбанизам. Досега се поставени 12 ДУП-ови а во иднина ќе се работи на поставување и на преостанатите.



# Населбите добија нови настрешници

Во 15 населби во Општина Гази Баба, поставени се 23 настрешници на автобуските постојки. Општината постојките ги постави во руралните средини, каде што немаше настрешници, или истите беа стари и дотраени. Модерните настрешници се со димензии 1,8х3, 0х2, 50 метри. Покривот на постојките е Лексан, а страните се со пластифициран нискоребрест лим.



Во внатрешноста на постојките, општинарите поставија и по една клупа за седење.

Новите постојки ќе ги користат преку 15 илјади жителите на Гази Баба.

# Нови клупи со шаховски табли на седум локации

Општина Гази Баба, постави нова урбана опрема на територија на Општината. Во акцијата која почна кон крајот на минатиот месец, беа поставени 200 клупи и 50 корпи за отпадоци. Во урбаниот дел на Општината се поставија 150 клупи, а останатите 50 распоредени се по месните заедници во руралните средини. Паралелно со поставувањето на новите клупи, општината ги поправаше и старите дотраени клупи, се заменуваа старите даски и фарбање на истите. На некои локации во Општината, поставени се кружни клупи со масички наменети за љубителите на шах. Клупи со шаховска табла се поставени вкупно седум и тоа во населбите Хиподром, Триангла, Автокоманда и Железара.



Општинарите ги разгледуваат сите локации и во иднина секаде каде што има потреба ќе се постават нови клупи и канти за отпадоци. Одредувањето на локациите е во соработка со Месните и Урбаните заедници, како и со куќните совети во зградите.



## Санирани карпите во населеното место Страчинци

Општина Гази Баба во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување отстрани и обезбеди дел од карпите кои претставуваа опасност над населеното место Страчинци. Овие карпи преставуваа опасност и во секој момент можеа да се урнат врз училиштето и куќите во селото. Дел од карпите се искршени а дел обезбедени со ограда.







# Почна со работа ЈКП Гази Баба 2007



■ Стартуваше со работа новото Јавно Комунално Претпријатие Гази Баба 2007. Промотивното отварање беше на 3- ти јуни во населбата Железара. Претпријатието на Гази Баба ќе функционира во руралните средни, односно во 15 населби, каде што јавните претпријатија на Град Скопје не ја вршат својата дејност. Ингеренциите на новото ЈКП ќе биде одржување на јавните зелени површини и комунална чистота. Во наредните фази од работата на претпријатието е и собирање на комуналниот смет и управување со водоводните системи.

Претријатието има вработено 15 лица на определено време.







## Нов паркинг кај пазарчето во Автокоманда

■ Општина Гази Баба ја прошири улицата Бапчор, која се наоѓа веднаш до пазарчето во населбата Автокоманда. Проширувањето на оваа улица беше неопходно бидејќи истата преставуваше тесно грло на сообраќајот во населбата, особено затоа што во близина се наоѓаат градинката 25 Мај и Основното училиште Стив Наумов.

Улицата е надоградена со една коловозна лента, која е исклучиво за застанување.

За да се реши проблемот со паркирање на овој процтор, општината почна и со изградба на паркинг простор зад пазарчето.Новиот паркинг простор е со капацитет на 95 возила, а истиот ќе им служи на жителите кои живеат во околните згради.

Градежните работи се на фирмата Техноградба инжинеринг, а одводнувањето на паркинг просторот Гази Баба го работи заедно со ЈКП Водовод и канализација.



ПОД МОТОТО ЗАЕДНО ТВОРИМЕ, ОБНОВУВАМЕ И ОБРАЗУВАМЕ



# Акција за чистење на училиштата

■ Ученици, наставници, родители, месните заедници минатиот месец се вклучија во големата работна акција во Општина Гази Баба. Под мотото "Заедно твориме, обновуваме и образуваме", околу два часа, во училиштата во Општината се чистеа дворовите, се фарбаа оградите. Како дел од големата акција во која најмногу се вклучија учениците беа организирани и спортски натпревари.







# Уште два нови бунари за полевање на зеленилата

■ Општина Гази Баба доби два нови бунари за техничка вода. Едниот бунар е веќе завршен и се наоѓа на булеварот Александар Македонски, во населбата Автокоманда веднаш до воената кула. Работните задачи за другиот бунар кој ќе биде лоциран во Ченто во паркот Борис Трајковски се веќе при крај, а нив ги изведува фирмата Турбоинжинеринг.

Водата од двата бунари ќе се користи за полевање на околните зелени површини.

Бунарите за техничка вода се дел од програмата на Општината за намалување на употребата на питката вода за полевање на зеленилата во Гази Баба. За во иднина, во програмата на општинарите, планирани се уште неколку вакви бунари, се со цел да се намали недостатокот од вода за пиење, особено во летните месеци, како и да се намалат трошоците за полевање на парковите.

Гази Баба лани го пушти во употреба бунарот во паркот Ченто. Општината е прва во Скопје која со свои пари го почна проектот за техничка вода.




## Населените места во руралниот дел добија табли со имиња

■ Општина Гази Баба постави 30 табли со имињата на населените места во руралните делови од општината. Таблите се наоѓаат на влезот и на излезот од секое село. На тој начин ќе бидат означени границите на секое населено место. Во минатата година општината постави табли со имињата на сите населби во урбаниот дел.



**Асфалтирањето на улиците и нивната реконструкција за повеќето скопски општини се една од главните приоритети. Каква е состојбата со уличната мрежа во Општина Гази Баба.**

Годинава имаме околу стотина улици на кои треба да се работи и тие ќе се направат во зависност од средствата кои се наменети од Фондот за магистрални и регионални патишта. Нашата Општина е во помал дел урбанизирана, додека две третини е рурален дел. Од друга страна треба прво населените места да се снабдат со вода и канализација, па потоа да се асфалтираат улиците. Оваа иницијатива ја прифати и градоначалникот. Инаку, ние имаме годишна програма во која се ставени сите улици кои се приоритетни.

**Сезоната за асфалтирање е отворена на 15 март. Што е направено од тој период до денеска?**

Со градежните работи започнавме во април, бидејќи се чекаа тендерите за избор на фирмите кои требаа да вршат асфалтирање. Фирмата "Гранит" работеше во МЗ Јане Сандански на одредени делници, кои прво се стругаа, па после ги асфалтиравме. Се работеше на улиците Сава Михајлов и Дурмиторска. На почеток на мај фирмата "Пелагонија" почна во МЗ Сингелиќ, каде се вршеше тампонирање, па асфалтирање и тоа на улиците во селото Синѓелиќ, односно на "Константин Петковиќ" и Томас Минкер. Во минатиот месец "Пелагонија" подготвуваше за тампонирање и неколку улици во населбите Идризово, Јурумлери и Колонија. "Ексико" ја спремаше со тампон кривината на улицата "Киро Мајски" во населбата Хиподром. Пролетва направивме повеќе тампонирања на улиците, а оставивме асфалтирање за летниот период. Започнавме прво со оние што се најкритични. Фирмата "Изолација" од Скопје,пак, вршеше крпење на ударните дупки



**По кој принцип утврдувате која сообраќајница е приоритет и која улица мора да се асфалтира, закрпи или прошири?**

Секој советник во општината кажува која улица е приоритетна. Голем приоритет за кој веќе 2 години бараме одобрение е улицата пред пазарчето во Автокоманда, која претставуваше црна точка. Овој потег каде што неможеа да се разминат возилата го завршивме во мај. Добивме согласност од Град Скопје и МВР и ја проширивме уличката со место за застанување до 15 минути, што е дозволено со Закон за сообраќај. Во мај беа асфалтирани и 2 -3 патеки во Ќерамидница

**Како се снаоѓате со финансиски средства потребни за реализација на зацртаната програма?**

Финансиски средства за уличната мре-



жа се од програмата на Фондот за патишта. Така, 50 отсто се наменети за изградба на улици, 30 за реконструкција и санација на ударни дупки, а 20 отсто за зимско одржување. За останатите, со помош на градоначалникот ги покриваме од средствата за уредување на градежно земјиште.

# Прво атмосферска и фекал

**ИНТЕРВЈУ СО БЛАГОЈА КЧЕВ, ОДГОВОРЕН ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**



**Како сте задоволни од работата на ангажираните градежни фирми, но и јавните претпријатија. Дали се случува да ги пробијат роковите или да не ги исполнат задачите што им се дадени од општината согласно тендерот?**

Задоволни сме од соработката со фирмите бидејќи и Пелагонија и Гранит работеа и минатата година и одговараат и со цени и со квалитет. Проблем има со дефект на машини, но немавме пробивање на роковите, а за да се заврши работата работниците остануваа и по крајот на работното време. Имаме добра соработка со ЈП "Водовод и канализација" и ЈП "Улици и патишта" и доколку се јави дупка на улиците кои се под нивна надлежност, тие веднаш реагираат на теренот.

**Што е приоритет во наредниот период. Дали и граѓаните се јавуваат да пријават некоја дупка или потреба од санација или изградба на некоја нова сообраќајница.**

Нашите екипи секојдневно се на терен и доколку има новоотворена дупка веднаш се реагира. Сепак, можат да се јават и граѓаните да пријават за некоја дупка, или за пукната водоводна цевка . Во моментот според програмата работиме на улицата Јужно моравски бригади во населбата Камник, према градските гробишта.Таму се поставува водовод, а потоа ќе се гради и фекална и атмосферска



канализација. По завршувањето таа ќе се асфалтира и прошири од 3 на 5 метри. Треба да се стрпат граѓаните, бидејќи улиците остануваат за употреба наредните 20 до 30 години. Инаку, најоптоварени се сообраќајниците во населбата Автокоманда, кај зградите на улицата Јани Лукровски, Лазар Поптрајанов, Трифун Хаџи Јанев. Со програмата за 2008 сакаме да изградиме и паркинзи а еден веќе е направен во мај. Подготвуваме втор паркинг зад полициска станица, додека трет ќе биде зад Охридска банка и четвртиот зад детскиот забавен парк. Со тоа делумно ќе се задоволи и паркирање во Автокоманда.

# на мрежа, па асфалтирање






**Нашата Општина е во помал дел урбанизирана, додека две третини е рурален дел. Од друга страна треба прво населените места да се снабдат со вода и канализација, па потоа да се асфалтираат улиците. Оваа иницијатива ја прифати и градоначалникот**

АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА



Општина Гази Баба постави ветерница за производство на струја до црквата "Св. Илија" во населеното место Виниче. Ветерницата е со железна конструкција на која е поставена турбина која произведува 40 киловат - часови месечно при брзина на ветер од 5,4 метри во секунда. На конструкциите се поставени и фотопанели кои произведуваат 9 киловат - часови месечно при 7,5 часа сонце. Капацитетот на батериите има можност да обезбедува струја 5 до 6 дена. Ако се погодат повеќе од пет дена без ветар и без сонце и батеријата се испразни, црквата пак ќе се приклучи на напонската мрежа на ЕСМ-ЕВН. Ветерница е поставена токму во Виниче поради неговата местоположба на висок планински предел со чести ветрови. Сега засега треба да се види како ќе работи оваа ветерница, а понатаму постои и план да се набави уште една поголема. Големата ветерница, која општината планира да ја набави, чини 200.000 евра, а средствата за набавка ќе се бараат преку фондовите на Европската унија.

# Ветерница во Виниче









ЗА ДА СЕ ЗАШТЕДИ НА СТРУЈА

# Светлечки тела на соларна енергија во Гази Баба



За да се заштеди електричната енергија, Општина Гази Баба, постави свелтечки тела со соларно напојување. Првите светлечки тела се поставени на паркинг на улицата Коце Металец во населбата Железара. Поставени се шест светлечки тела, кои заменуваат сијалици со моќност од 120 вати. Соларните панели се поставени на метални столбови адаптирани за оваа намена. Секоја светилка ја опслужува сопствен панел, акумулатор и електроника. Значаен перформанс на ваквиот вид на сијалици е можноста истите да функционираат четири ноќи, без да бидат изложени на дневна светлина.

Општината планира вакви светилки да постави на недостапните терени, и на реоните каде често доаѓа до пад на електричната мрежа.

## Триангла со ново игралиште за мал фудбал

Младите во Гази Баба, добија уште едно ново катче за спорт и рекреација. Пуштено е ново игралиште за мал фудбал во населбата Триангла. Игралиштето е со стандардни димензии 45 25 метри и е прво игралиште од ваков тип, кое е со вештачка трева. Теренот за играње е ограден со ограда висока четири метри. Околу игралиштето, општинарите поставија и осум рефлектори со кои е овозможено и ноќно користење на фудбалскиот терен. Веднаш до игралиштето изграден е простор со детски реквизити, наменет за најмалите во населбата.

Општина Гази Баба, го изгради новото игралиште со помош на Агенцијата за млади и спорт, а во иднина се планира тука да се одигрува училишната фудбалска лига. Изведувач на работите е фирмата Жикол.

НОВО ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО ТРИАНГЛА



# Пехари и дипломи за најдобрите екипи







Дипломи и пехари за најдобрите екипи во мал фудбал, кошарка и крос, беа доделени во новоотвореното игралиште за мал фудбал во населбата Триангла. Плакети добија кошаркарите од Основното училиште Крсте Мисирков, кои исто така се и државни прваци во кошарка. Во училишните натпревари кои траеа пет месеца, беа одиграни 11 кола. Учествуваа 300 ученици од сите основни училишта во Гази Баба.

Наградите свечено ги додели градоначалникот на Општината, Коце Трајановски, како и советници од Општината, а дипломите за одржаниот крос на основците им ги врачи Силке Маер - Вито ЗФД (Форум цивилен мировен корпус).

Училиштето "Наум Наумовски Борче", кое се наоѓа во населбата Маџари е изградено во 1960 година, а името го добива по човекот кој бил заслужен за неговата изградба.

Денот на ова училиште, со свечена приредба која ја подготвуваат пред се нижите одделенија се слави на први април, кога е роден неговиот патрон.

За успесите на учениците, за проблемите со кои се соочуваат тие, но и за училиштето говори директорот Лиле Петрушевска која оваа функција започна да ја врши пред една година, по изминат еден мандат како в.д. директор.

Првиот приоритет за чие решавање таа се зафати на почетокот на својот мандат е обезбедување на квалитетно образование и воспитание кое подразбира и квалитетна настава и квалитетно учење проследено со успешно градење на учениковата личност, и во таа насока обезбедување подобри услови за работа како на учениците така и на вработените. А со цел да се постигне намалување на социјалните разлики меѓу учениците таа воведува и носење на униформи кои се примени со радост, посебно од нижите одделенија.

**Учебната година заврши, колку сте задоволни од успехот и постигнатите резултати на учениците?**

Од вкупно запишаните 688 ученика учебната година го завршија 686 ученика, а два ученика повторуваат. Како училиште сме задоволни од постигнатиот успех, па сепак следната година ќе се трудиме да го подобриме, се со цел учениците да се стекнат со квалитетни знаења. Најзастапен облик на следењето на развитокот на учениците, на нивните знаења, умеења и навики, досега беше оценување со бројчани оценки, кој одговараше на класичната настава. Но, со воведувањето на активната настава која овозможува потрајни знаења, вештини и умеења, и каде учениците ја превземаат



# Квалитетно образование и воспитан

врз себе одговорноста за своето учење и стануваат партнери во процесот на образованието, класичното бројчано оценување се покажа несоодветно. За да се оспособат наставниците за пообјективно оценување, нашето училиште се пријави во Проектот за оценување ПЕП, организирано од УСАИД, а обуките се во тек.

**Со кои награди може да се пофали ова училиште добиени во текот на оваа учебна година?**

Освен успехот постигнат во редовната настава, нашите ученици учествуваа во разни натпревари и постигнаа значителни резултати. Во натпреварот по прва помош и заштита освоивме прво место на општински натпревари по прва помош и заштита и петто место на републички натпревари. Освоивме четврто место на општинскиот натпревар по сообраќај, петто место на републичкиот натпревар по географија, а во хорските натпревари бевме први во општината и на ниво на градот. Нашиот претставник освои прво место на натпреварот по литература за составување на поеми, распишан од турскиот колеџ "Јахја Кемал". Првото место го добивме и на ликовниот конкурс "Флора и фауна", но и на "Меѓународната ликовна изложба" по повод 13 Ноември. Добро се покажавме и во областа на спортот. Наша екипа го освои првото место на општинскиот турнир во мал фудбал. Забележителни резултати имавме и во натпреварот по математика "Кенгурче", каде освоивме две први места, четири втори, неколку трети места и голем број пофалници. Убаво е да се биде прв. Но, сепак ние ги насочуваме нашите ученици да не се стремат кон првите места по секоја цена, туку да имаат натпреварувачки дух, да учествуваат, да се дружат и да го дадат најдоброто од себе.

**Ги обезбедувате ли сите потребни услови за нормално одвивање на наставата?**

Основното училиште "Наум Наумовски Борче" е изградено 1960 година, има просторна површина 4320 метри квадратни. Работиме во две смени. Според бројот на учениците, сега засега оваа површина и бројот на училиници е доволна. Единствено се потребни уште простории каде би се одвивала дополнителната настава, како и вонанставните ученички активности. Одговорните за реформи во образованието би требало,

**РАЗГОВОР СО ЛИЛЕ ПЕТРУШЕВСКА ДИРЕКТОР НА О.У. „НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ"**

За успешното менаџирање со училиштето говори податокот дека од вкупно запишаните 688 ученика, оваа учебна година ја завршиле 686 ученика, а само два ученика повторувале, но и освоените први награди на повеќе општински и републички натпревари

гетика", со чија помош поставивме топлотна потстаница и на тој начин успеваме да се приклучиме на централно парно греење. Од друга страна, санитарните јазли ги саниравме благодарение на Проектот на УСАИД за модернизација на образованието, за кој аплициравме и преку кој успеавме да добивме средства за таа намена.

**Во невреме настрада покривот на училиштето. До каде е постапката за негова замена?**

Да, во невреме проследено од дожд и силен ветер беше откорнат дел од кровната конструкција. Градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски, не посети веднаш, ја согледа материјалната штета и ни вети помош во санирање на состојбата. Плочата на покривот беше пукната и при секое врнење на дожд училниците на најгорниот спрат беа поплавени , а потоа водата преоѓаше и во училници од првиот кат. За состојбата беше известена и Владат. Во посета на училиштето беше и државниот секретар во министерството за образование, Перо Стојановски, кој исто така вети помош за санирање на штетите. Добивме два милиони денари и сега покривот е направен.

**Повеќе училишта извршија замена на прозорците и на вратите во објектите. Се случи ли тоа и кај вас?**

Прозорците во нашето училиште се поставени со изградбата на училиштето и не се сменети. Подготвиме проект и ќе конкурираме за доделување на средства за нивна замена со алуминиумски. Пред десет години беа сменети вратите на тоалетите и на училниците, но сега тие повторно се оштетени. Ќе се потрудиме да најдеме начин и средства за нина замена, бидејќи на тој начин ќе заштедиме и на топлинска енергија. Нашето училиште и досега добиваше донации од општината, државата и невладината хуманитарна организација "Каритас", во материјални средства, учебни помагала и опрема за училница за ученици од прво одделение кои се на шестгодишна возраст, доопремување на дневниот престој, комплетирање на сите училници со клупи и столчиња, со тоа што дотраените ќе се заменат со нови.

**Соработувате ли со основни училиста од другите градови во земјата или пак надвор од земјата? Збратимени ли сте со некои?**

Во поранешниот општествен систем соработувавме со училишта од другите југословенски републики, но со распадот на Југославија, соработката згасна. Денес соработуваме со училишта од градот преку спортски и културни активности.



# ие за градење на детската личност

секогаш кога предлагаат зголемување на фондот на часови по одредени предмети и кај воведување на нови предмети, да ги согледаат можности во училиштата, за да се обезбеди успешна реализација на воспитно- образовниот процес. Се грижиме и за исхраната на учениците, како и за превоз на оние кои живеат на поголема оддалеченост од училиштето.

**Познато е дека проблем во повеќето основни училишта е греењето и дотраените санитарни јазли. Доколку и вие се соочивте со тоа, на кој начин се потврудивте да го елиминирате? Ви помогна ли Општината во тоа?**

Во соработка со локалната самоуправа и со посебно залагање на градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски, добивме донација од МЗТ "Енер-

училишттето, во столчиња и клупи, како и облека за децата на кои таа им е потребна, па се надеваме дека таа помош ќе продолжи и во иднина, но се разбира дела ќе изнаоѓаме и други начини на финансирање со кои би се решил овој проблем.

**Дали ќе се превземат одредени поправки, бојосување и други реконструктивни зафати, додека учениците се на распуст, за да се подготви училиштето за наредната уцебна година?**

Секако дека сега, додека учениците се на распуст, се трудиме објектот да го оспособиме за успешно започнување на новата учебна година. Во план се подготовки на училниците со нивно чистење, молерисување, со опремување на една

Но, сепак сметам дека би била полезно, да се прошири соработката и со други училишта од земјата и надвор од неа.

**Кои позначајни настани ги одбележувате како училиште и на кој начин?**

Го одбележуваме почетокот на учебната година со свечен прием на првачињата, со пригодна приредба го одбележуваме и приемот на првачињата во Детската организација. Ги одбележуваме и сите други празници предвидени со законот, преку радио емисии кои ги подготвуваат новинарските секции, а кои се емитуваат на училишното радио оформено со средства добиени преку учество во Проектот за модернизација на образованието. За позначајните историски настани подготвуваме и ѕидни паноа.



## ИНТЕРВЈУ СО АЈРУЛА ЕМИНИ, ДИРЕКТОР НА ОУ. „25 МАЈ”

# Посветеноста на

Објектот на сегашното училиште ОУ "25 Мај" е изграден во 1965 година и во него се одвива наставата и до ден денес. Порано, училштето го носело името "Свети Кирил и Методиј".

-Во тек е законска постапка пред надлежните органи за негово повторно менување, вели Ајрула Емини, актуелниот директор на училиштето.

Именуван е за В.Д директор на 24.11.2006 година од страна на градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски, а официјален директор станува на 12 април, минатата година. По образование е професор по одделенска настава, со работен стаж од 17 години.

**Како го празнувате вашиот патронен празник?**

Нашето училиште патрониот празник го слави на 25 Мај и оваа учебна година за прв пат по тој повод се одржа "Недела на училиштето" која траеше од 19 до 23 мај, во рамките на која беа реализирани натпревари од образовно-рекреативен карактер. Претходно беше распишан и конкурс за најдобра творба (проза и поезија) на албански и на македонски јазик, за прв пат се организираше и елиминаторски квиз на знаења. Исто така, беше организирана и ликовна колонија, а се одржаа и спортски натпревари во разни атлетски дисциплини (скок во далечина, фрлање ѓуле, трки..... за машки и женски). На крајот им беа доделени скромни награди и дипломи на сите ученици кои



се истакнаа во одредени активности.

**Кои според вас се најзначајните успеси постигнати на ова училиште во градот, земјава, па и надвор од неа?**

И покрај активностите во самото училиште, наши ученици земаат учество и во разни натпревари на ниво на Општина Гази Баба, Град Скопје, па и на републичко ниво.

Треба да се напомене тоа дека поради јазикот на кој се води настава во нашето училиште приоритетни ни се натпреварите на мајчин албански јазик во кои и постигнуваме видни резултати. Оваа година на натпревар по математика во организација на математичко-информатичкото списание Плус, на државно ниво, освоивме трето место и со тоа се здобивме со право за учество во меѓународен натпревар кој ќе се одржи во Скадар, Република Албанија. Исто така, учествувавме на натпреварот по математика во организација на списанието "Нумерус" каде групно, како училиште го освоивме второто место на ниво на град Скопје. Со задоволство учествуваме и на спортските натпревари кои се организираат во рамките на Општина Гази Баба. А се надеваме дека со подршката на градоначалникот и на неговиот тим во блиска иднина ќе бидат организирани и натпревари од наставен карактер

**Воведувате ли нови содржини кои би го олесниле одвивањето на наставно-воспитниот процес?**

Секако дека се воведуваат нови содржини чија цел е да се олесни одвивањето на наставно-воспитниот процес. Ги следиме сите препораки од Бирото за развој на образованието, а наставниците редовно ги посетуваат семинарите кои се наменети за воведување на нови наставни содржини и воедно се снабдуваат и со потребниот наставен материјал за нивно реализирање, бидејќи тие придонесуваат за унапредување на севкупниот образовен процес во училиштето.

**Задоволни ли сте од посветеноста, ангажираноста и настојувањето на наставниот кадар во совладувањето на предметната материја од страна на учениците?**

Имајќи предвид дека снабденоста на училиштето со наставен материјал е на многу ниско ниво, што е постојано потенцирано од наставниците по предметна настава, бидејќи според нив тоа е важен фактор за совладување на материјата од страна на учениците, задоволен сум од тоа колку самите наставници се ангажираат. Без оглед на условите во кои тие работат, сепак сметам дека постигнуваат забележителни успеси во насока на совладување на материјата од страна на учениците

**Што за вас претставува добар наставник, воедно и добар педагог, но и воспитувач?**

Добар наставник е наставник кој пред се ја реализира наставната програма, активен е во вонаставните активности, воспоставува одлична комуникација и односи со учениците, родителите и со колегите, придонесува како единка за вкупната позитивна клима во училиштето, лесно се приспособува за тимска работа, беспрекорно ги извршува зададените задачи кои се однесуваат на наставата и вонаставните активности. Со еден збор, добар наставник е оној наставник кој што е постајано високо оценет од сите фактори во училиштето(наставничкиот совет, педагошката служба,училишното раководство и др.), но и надвор од училиштето(Советот на родители, Бирото за образование, локалната самоуправа и др.)

**Се соочувате ли со нетрпеливост и насилство мегу учениците?**

Да! И имам чуство дека се повеќе и повеќе расте таа нетрпеливост, а ако имате предвид дека во нашето училиште тоа доведе и до загуба на невин детски живот, би требало да се превземе нешто по радикално на национално ниво!

**Која е според Вас причината за неговата појава?**

Причини според мои анализи има повеќе, почнувајќи од семејството, вкупните состојби во нашето општество, недоволно добри услови во училиштата, немоќност на училиштето и на родителите да се справат со деликвенцијата на учениците, постојаната ангажираност на родителите во борбата за обезбедување егзистенција, поради што детето и неговиот развој постојано е на маргините на семејството.

**Благодарение на Општината Гази Баба, во дворот на училштето добивте ново спортско игралиште, а најавено е и друго во другиот негов дел.**



**За квалитетна настава се потребни и соодветни услови и проширување на училиштето кое е наменето за 500, а во него сега следат настава 1.500 ученици, забележува Емини**

# Наставниците е клучна за успехот на учениците

**За какви игралишта станува збор и колку сте задоволни од начинот на кој Општината помага во образовниот процес и во решавањето на проблемите во училиштето, бидејќи основните училишта сега се во нејзина надлежност?**

Општината Гази Баба постојано придонесува во решавањето на проблемите и во подобрувањето на условите во училиштето. Во текот на изминатата грејна сезона, поради дефект на резервоарот за гориво имавме големи проблеми со греењето. Благодарение на посветеноста на градоначалникот ,без да биде прекината наставата, 50 тонскиот резервоар е заменет со нов. Општината помогна во реновирање на постојната канализација. Старото училиште благодарение на градоначалникот е поврзано со главната фекална канализација, поради што ни се закануваше престанок на наставата која ја следат околу 400 ученици од прво до четврто одделение.

Во дворот на истото училиште е изградено модерно осветлено оградено игралиште и игралиште за помали деца со играчки за нивна возраст кои воедно ги користат и жителите на селото Синѓелиќ, кои исто така се задоволни од овие инвестиции на Општината.

**Што му недостасува на училиштето и кој е најизразен проблем во него?**

Потребна е доградба на училиштето. Бидејќи имаме голем број на ученици сите помошни простории се пренаменети во училници. Како илустрација ќе наведам дека ова училиште е изградено 1965 за потребите на 500 ученици, а сега во него настава следат околу 1.500 ученици. Па според тоа може да се заклучи под какви услови се одвива наставата во него. Старото училиште воопшто нема ограда и е со руинирана фасада. Исто така и големото училиште е со 70 проценти оштетена ограда за што треба да се погрижиме во иднина. Во моментот имаме изготвено и проект за замена на прозори кои се стари истрошени и придонесуваат да имаме ладни училници и воедно зголемена потрошувачка на гориво за греење. Проблем претставува и старата електрична инсталација која е фактор за воведување на компјутеризацијата на училиштето. За жал ова се проблеми кои се наталожени со децении наназад и со кои ќе треба да се соочуваме и да ги решаваме постепено заедно со Министерството за образованиие, но и со помош на општинското раководство.



Прво место
Кристијан Поповски
ОУ Крсте Мисирков



Второ место Елеонора
Блазевска
ОУ Стив Наумов



Трето место
Марија Мисевска
ОУ Вера Јоциќ



Драгана Стаменковиќ
ОУ Климент Охридски
општина Бутел



Филип Наунов
ОУ Кочо Рацин
општина Петровец



Инес Германски
ОУ Мирче Ацев
општина Ѓорче Петров



Изработка во глина
Марија Ристовска
ОУ Наум
Наумовски Борче



Апстракција
Грета Метај
ОУ 25 Мај



Како секоја година, така и оваа, традиционално во манастирскиот комплекс Св Илија, на 25 ти мај се одржа ликовната манифестација Виниче 2008. На манифестацијата учествуваа 280 ученици. Беше одржана богата културно- забавна програма. Настапија хорот и оркестарот на Основното училиште Дане Крапчев, како и хорот на ОУ Наум Наумовски Борче.

На ликовната колонија присуствуваа сите основни училишта од Гази Баба, а имаше и многу гости од соседните општини Илинден, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Бутел.

Дојдоа и многу гости од дипломатскиот кор во Р. М, претставници на невладини организации и други.



# Ликовна манифестација Виниче 2008











# Урбаните заед



# се очите и ушите на Оп

**Како нејзин претседател може ли да ни дадете основни информации за урбаната заедница "Крсте Мисирков"?**

Урбаната заедница "Крсте Мисирков" опфаќа половина од територијата на населбата Ченто со околу 7000 жители, односно улиците "Антон Попов" (од семафори до последна 45-ка), "Маџари" (десна страна од Стадион "Борис Трајковски" до семафори), "Финска", "Јужноморавски бригади" (од семафори до автосервисите), "Сречко Пужалка" (од крстосница со улица Јужноморавски бригади до последна 45-ка), "Жегљане", "Роман Каскалиевиќ", "Фуштанска" и "Дурмиторска". Ова го кажувам за да нема забуни кај жителите на овие улици во која урбана заедница припаѓаат.

**Кои се најголемите проблеми со кои се соочувате, било да се од инфраструктурна или друга природа.?**

Како најголеми проблеми би ги истакнал дотраеноста на О.У."Крсте Мисирков" на чие место би требало да се изгради ново училиште. Поради опасност од изливање отворениот канал треба да се санира и поплочи по целата негова должина со што ќе се добие пешачка патека од "Инџиково" до гробиштата "Камник". Потребно е поставување на семафори на крстосницата помеѓу улиците Антон Попов, Финска и Сречко Пужалка, бидејќи ја користат половина од учениците на О.У. "Крсте Мисирков" кои се секојдневно доведени во опасност. Треба да се доизгради и спортската сала која е започната од проектот на Агенцијата за млади и спорт, а предлагаме на просторот помеѓу салата и каналот формирање на поголем спортско-рекреативен центар за целата населба. Жителите на Фуштанска пак имаат потре-







ба од градска автобуска линија, бидејќи до најблиската постојка имаат повеќе од 1500 метри, а има потреба и од хортикултурно уредување на просторот популарно наречен Ритче.

**Какви активности преземате за подобрување на животот на населението и што според вас е приоритет?**

Сметам дека нашиот совет направи добра програма во која ги внесовме сите проблеми. Советот досега се состануваше по потреба, имавме проблем со просторијата на урбаната заедница која се наоѓа во бараката позади амбулантата. По интервенција на градоначалникот и Општинските служби сега просторијата може непречено да ја користиме. Приоритет ни е да ги адаптираме просториите и со помош на општината да добиеме технички секретар кој голем дел од работното време би бил во оваа просторија каде граѓаните би можеле да ги кажат своите проблеми.

**Како би ја опишале соработка со градоначалникот на Општина Гази Баба и општинските служби ?**

Соработката со градоначалникот Коце Трајановски е одлична, за него имаме само пофални зборови. Откога е тој градоначалник се асфалтирани голем дел од улицата Фуштанска, улицата Роман Каскалиевиќ и Дурмиторска, поплочени се тротоарите на повеќето улици, скверови, направени се две спортски и детски игралишта, и.т.н. Со еден збор, разликата помеѓу него и претходните градоначалници на Општина Гази Баба е во тоа што тој работи, секогаш одвојува време да ги слушне проблемите на граѓаните и да го реши доколку е во негова ингеренција или да не насочи на правиот пат за што поскоро да го решиме проблемот. Пофални се зборовите и за општинските служби.

**Каква е соработката со граѓаните?**

Како што кажав, советот на урбаната заедница "Крсте Мисирков" се состои од 11 членови кои живеат на различни улици што ги опфаќа урбаната заедницата, од секоја улица по еден или двајца и тие се во секојдневна комуникација со жителите на улицата на која живеат. Ние по утврдување на проблемот истиот го проследуваме до општинските служби или до градоначалникот за понатамошно решавање. Треба да биде јасно дека ние како урбана заедница не располагаме со финансиски средства, немаме жиро сметка, не сме правен субјект, туку сме продолжена рака на општината. Ние урбаните заедници сме очите и ушите на општината.

**Дали сте задоволни од работата на јавните претпријатија, што би им забележале?**

Главно сум задоволен, но морам да забележам дека тие мораат и можат да работат повеќе. Повремено на иницијатива на градоначалникот Коце Трајановски, одржуваме состаноци со директорите на јавните претпријатија на кои ги изнесуваме проблемите. "Водовод и канализација" поставија капаци на шахтите но треба и да ги исчистат и да ја одзатнат канализацијата. Комунална хигиена не треба да ги заборава и споредните улици, а Паркови и зеленило освен паркот "Ченто" треба да го уредат и одржуваат и паркот "Борис Трајковски" но и блоковското зеленило.

# Узурпација на земјиште

**ИНТЕРВЈУ СО ПЕТАР БОЖИДАР, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЈУРУМЛЕРИ**



**Најголем проблем во Јурумлери е узуропацијата на државното земјиште. Додека не го средиме овој проблем не ќе можеме да ги изведеме планираните зафати во Јурумлери**

**Како претседател на Месна заедница Јурумлери може ли накратко да ни дадете основни информации за ова населено место?**

Населеното место Јурумлери спаѓа во руралниот дел од општина Гази баба. Нашата месна заедница брои 860 домаќинства со околу 4 830 жители. Населението е претежно македонско и еден дел ромско.

**Секое населено место се соочува со одредени проблеми било да се работи за инфраструктурата или тие да се од друг вид. Со какви проблеми се соочува вашата месна зедница?**

Најголем проблем во Јурумлери е узуропацијата на државното земјиште, а узурпирано е некаде 25 447 метри квадратни. Геодетската управа по наше барање има направено увид на терен. Додека не го средиме овој проблем не ќе можеме да ги изведеме планираните зафати во Јурумлери. Се надевам дека со подршка на Општинските служби и градоначлникот овие аномалии што поскоро ќе се средат. Друг проблем е изградба на спортски терен. Во Јурумлери освен еден мал терен каде граѓаните играат кошарка немаме друго место за рекреација на населението. Нашите спортски активности се одвиваат во населба Колонија. Во насока на надминување на овој проблем при крај е да се решат имотно правни односи за земјиште кое исто така е узурпирано и се наоѓа околу поштата. Ова земјиште ќе го користиме за спортски терен, но таму би се изградиле и месна заедница, детска градинка и бизнис центар.

**Какви активности преземате во овашата месна заеница за подобрување на животот на населението?**

Месното население се вклучи во развој на самата месна заедница каде првенствено почнавме со изградба на секундарна водоводна мрежа, со оглед дека примарната е направена од страна на Општината со јапонска донација. Во Јурумлери околу 70 отсто е поставена секундарна водоводна мрежа, а сега преокупација ни е да ја завршиме одводната канализациона мрежа. На територија на нашата месна заедница јавните градски претпријатија немаат надлежност, но нашата желба е да ја видиме населбата чиста. Општината има формирано јавно претпријатие за собирање на смет кое според градоначалникот ќе почне со работа во нашата населба од 15 август. Основната определба на Јурумлери е да се собира смет, бидејќи ни се создаваат доста фекалии, а има и многу сопствен отпад кој се создава од земјоделски продукти.

**Каква е Вашата соработка со градоначалникот на Општина Гази Баба, господин Коце Трајановски и општинските служби, и во што се состои соработката?**

Имаме многу добра соработка со Општината, особено со градоначалникот Коце Трајановски. Соработката е околу изведувањето на акциите за изградба на инфраструктурните објекти, продолжување на секундарната водоводна мрежа, бидејќи сакаме Јурумлери целосно да биде покриено со водовод. За одводот имаме сознанија дека проектот е готов и останува да одржиме уште еден состанок со градоначалникот во наредниот период. Во таа насока се и собирите со граѓаните за да им објасниме дека узурпацијаста мора да се реши и се надеваме дека брзо ќе се справиме со овој проблем со помош на општинските служби и градоначалникот. Уличното осветление е покриено 90 отсто, а асфалтирање на улиците е при крај и до септември, октомври ни е ветено дека ќе биде завршено.

**Ни кажавте за проблемите на месната заедница, на што уште се жалат жителите?**

Автобускиот превоз е добар, бидејки имаме и приватни и државни автобуси кои сообраќаат до Јурумлери. Единствено бараме автобиусот број 31 што доаѓа до Лисиче да оди и до Јурумлери, односно да се продолжи и уште 1,5 километар. Имаме влошена дистрибуција на струја, а нисконапонската мрежа е во очајна состојба. Испративме барање до надлежните за еден дел од Јурумлери каде напонот е испод нормала. Треба да се сменат и дел од бандерите и жиците, за да не дојде до хаварија.

**Каква е соработката со граѓаните и како ги решавате останатите проблеми кои ги засегаат?**

Во месната заедница Јурумлери имаме комисија за имотно правни односи и за завадени страни, која работи на отклонување на расправии меѓу граѓаните, а се решаваат со успех. Тука се вклучува и секретар на црковниот одбор. Со негова помош успеавме да го решиме и проблемот со гробиштата, односно купивме парцела за нови гробишта во Јурумлери, каде се средува ограда, а ќе се гради и капела.



# тето го кочи развојот

**Вие сте претседател на една од месните заедници во Општина Гази Баба. Како накратко би ја претставиле?**

Месната заедница "Гоце Делчев" како субјект делува на територијата на населеното место "Гоце Делчев", кое се простира од двете страни покрај регионалниот пат П-103, односно стариот пат Скопје-Велес. Периферно од југ се граничи со ранжерната железничка станица , а од останатите страни со кружната железничка пруга. Населбата "Гоце Делчев" датира од понов датум, но почетоците се некаде во 50 година од минатиот век, додека поинтензивен развој бележи од 70 до 80 година. Во моментот населбата брои околу 290 семејства.

**Она со што речиси секоја месна заедница се соочува е недоволна изграденост на инфраструктурните објекти. Каква е состојбата во МЗ "Гоце Делев", и како се справувате со овој проблем?**

Во изминатиот период населбата се соочуваше со голем број на нерешени инфраструктурни проблем. Но, во последно време со помош на Општината и градоначалникот Коце Трајановски успеавме да разрешиме дел од нив. Уличното осветлување речиси целосно е завршено. Во целоста е изградена примарната и секундарната водоводна мрежа и голем број домаќинства се приклучени. Пред неполна година со инвестиција на Општина Гази Баба и залагање на градоначалникот г-дин Коце Трајановски, во МЗ "Гоце Делчев" се асфалтирани пет улици или вкупно 4 144 метри квадратни улична мрежа. Што се однесува до атмосферската и фекална канализација, воопшто ја нема во населбата. Снабдувањето на населбата со електрична енергија е на задоволително ниво, но и тука постојат проблеми, така што во одредени региони напонот на електрична енергија е под нормала.

**На што најмногу се жалат граѓаните. Што бараат да се реши во најскоро време?**

Населбата се соочува и со други проблеми. Иако има голем број деца, нема градинка и училиште, што значи дека сите деца одат во образовните установи во околните населби. Бидејќи немаме



# Приоритет ни е изград

црква населението своите духовни потреби ги реализира во храмовите во околните места. МЗ "Гоце Делчев" во своја сопственост има еден единствен објект со површина од 60 метри квадратни. Во овој објект се одвива целокупната општествена активност на населението и тоа е на располагање на сите организации кои постојат на нашата територија. Тука месната заедница ги одржува своите состаноци и собирите со граѓаните. Ја користат и младинската организација, сојузот на пензионерите, како и фудбалската школа за деца и младинци. Исто така се употребува и како гласачко место за време на изборите. И покрај големата употреба и искористеност на овој објект, тој се наоѓа во многу лоша соп-

## ИНТЕРВЈУ СО МИРКО АНГЕЛОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"



**Во изминатиот период населбата се соочуваше со низа инфраструктурни проблеми. Во последно време со помош на Општината и градоначалникот Коце Трајановски успеавме да разрешиме дел од нив**

од тука произлегува и надежта за разрешување на овој голем комунален проблем. Тука би ги набројал и асфалтирање на преостанатите неасфалтирани улици и санација на објектот на МЗ "Гоце Делчев".

**Каква е вашата соработка со граѓаните, но и со општинските служби, градоначаклникот Коце Трајановски, но и со другите институции?**

Соработката на МЗ "Гоце делчев" со жителите е секојдневна и се одвива на коректен начин. Исто така и соработката со Општината и градоначалникот се добри, но и понатаму треба да се надградуваат се со цел подобра иднина на граѓаните. Бидејќи населбата е надвор од градежниот реон на Град Скопје, до сега не беше опслужувано од постојните градски јавни претпријатија. Во поново време на територијата на нашето населено место делува јавното претпријатие "Илинден" кое стопанисува со водоводниот систем



# ба на фекална мрежа

стојба.

**Што е приоритет на МЗ "Гоце Делчев" за во иднина?**

Во предвид ги имаме сите претходно набројани проблеми. Сепак, како најголем приоритет за решавање во моментот е изградба на фекална канализација. Во 2000 година со самопридонес на граѓаните изработен е основен проект. Изградбата на фекалната канализација како приоритет го имаат и Општината и градоначалникот Коце Трајановски, па и досегашната соработка е коректна. Од јавните претпријатија во најскоро време треба да профункционира и ЈП за собирање на цврст комунален отпад формиран од Општина Гази Баба, што ќе придонесе за почиста животна средина.

# Хуманитарен крос во Хиподром











Околу 600 ученици од основните училита во Гази Баба, Амбасадори на повеќе држави, спортисти, невладини организации, советници и вработени во Општината беа дел од големиот хуманитарен крос во рекреативниот центар Хиподром.

Собраните средства од хуманитарниот крос под мотото Трчаме за Мир, соживот, толеранција, Општината ќе ги искористи за обнова на спортските објекти во училиштата каде тоа е најмногу неопходно. Во хуманата мисија на Општината се вклучија Сојузот за училишен спорт на Гази Баба и германската невладина организација Форум цивилен мировен сервис.

Генерални спонзори на манифестацијата се Амбасадата на Швајцарија и германската фонација Конрад Аденауер.









РАЗГОВОР СО ДЕЈАН АНГЕЛОВСКИ, НАСТАВНИК И ТРЕНЕР

# Силниот колективен дух не направи шампиони

**Какво беше чувството да се освои државното првенство во кошарка за основните училишта? Како децата го доживеаја тоа?**

- Прекрасно се чувствувавме, имаше голема радост кај децата. Сите тие се активни спортисти и се секогаш желни за успех. Особено не радува што победивме во толку силна конкуренција.

**Ова е најголемиот спортски успех на училиштето досега?**

Да, ова е нашето најзначајно спортско достигнување. Ние сме многу активни во кошарката и во други спортови, сме биле и кошаркарски шампиони на градот Скопје, но за првпат отидовме до крај и го освоивме државното првенство.

**Како се одвиваше турнирот и со кого игравте во финалето?**

Прво се одржа турнир во градска конкуренција. Тој го освоивме и со тоа се пласиравме на државниот шампионат. Второ место таму беше училиштето "Живко Брајковски", кое потоа разигруваше со екипа од Тетово за да влезе во финалниот турнир. Освен овие две училишта, на него имаше уште четири екипи, по една од Велес и од Струга и две од Куманово. Но ние на завршниот натпревар повторно се сретнавме со "Живко Брајковски" и ги победивме со 53:46.

**Колку деца беа вклучени во екипата, на која возраст и како направивте селекција?**

Има вкупно десет деца и тие претежно се осмоодделенци. Учествуваа две деца од седмо и едно од шесто одделение. Екипата ја одбравме прво преку тековно водење на наставата, а потоа направивме и тренинзи и го составивме тимот со кој што работевме се до крајот на првенството.

**Колку често трениравте?**

Одржавме седум или осум тренинзи кога немавме натпревари. Имаше многу натпревари, прво на општинско, па на градско ниво, па главно тренираме пред нив.

**Како учениците го сфатија ангажманот во кошаркарската екипа?**

Морам да кажам дека беа целосно посветени. Речиси сите членуваат во некои кошаркарски клубови или школи и ја имаат основата. Некои од нив станаа МВП (највредни играчи) на турнирот, но целата екипа даде голем придонес. Сите се жртвуваа максимално. Особено многу работевме на психолошки план, за да се создаде заеднички тимски дух. Јас и ко-

легата што ги водевме бевме атлетичари, значи сме се занимавале со индивидуален спорт, па и нас сега целосно не понесе таа колективна тимска атмосфера што се создаде. Сите се однесуваа одлично и докажаа дека се единствени.

**Немаше конфликти меѓу играчите или, пак, со тренерите?**

Немаше ништо такво. Барем не посериозни конфликти. Дури и ако некогаш дојдеше до некое мало недоразбирање, ние веднаш го повлекувавме тој играч настрана и му објаснувавме дека ова е колективен спорт и дека треба да се однесува како дел од тој колектив. Значи уште веднаш реагиравме и ја отстранувавме можноста да се создадат конфликтни ситуации.

**Дали напорните тренинзи и натпревари ги одвлекоа децата од наставата?**

Играчите загубија мал дел часови, но постојано се трудевме тие случаи да бидат што поретки. Имавме големо разбирање кај другите наставници дека овие се деца што го претставуваат училиштето. Во секој случај, овој ангажман не им се одрази негативно ниту на наставата ниту на оценките. Тие се одлични ученици и знаат како да си го организираат времето. Морам да изразам голема благодарност за разбирањето до директорката и до целиот наставнички колегиум за помошта при патувањата и, секако, на општината Гази Баба за опремата што ни ја додели, со која ние најмногу личевме на вистински кошаркарски тим.

## Дејан Ангеловски со својата екипа од основното училиште "Крсте Мисирков" го освои државното првенство во кошарка за ученици. Со тоа тој го постигна најголемиот спортски успех за своето училиште и еден од најголемите за општината воопшто



**Кои играчи посебно се истакнаа и дали мислите дека на некои од нив им претстои богата кошаркарска кариера?**

Не би сакал да издвојувам ниту едно дете. Сите дадоа голем придонес. Има некои деца што ќе успеат ако се однесуваат спортски. Марко Здравковски стана МВП, а особено се истакна и Кристијан Спасовски. За нив можам да кажам дека би можеле да заиграат и за кошаркарската репрезентација на Македонија. Имаат и физички и психолошки предиспозиции за тоа. Но, не мора да значи дека само тие имаат шанси. И за некои од другите осуммина можеби многу ќе слушаме во иднина.

**Што очекувате од наредната учебна година и од новото првенство? Ќе останете без седуммина од шампионскиот тим, бидејќи тие ќе станат средношколци.**

Па, тоа секогаш е така. Голема среќа е да се има ваков тим, способен за толкав успех и тоа не се случува често. Наредната година ќе биде малку потешко, а за сезоната потоа очекувам повторно да постигнеме голем успех и да се пласираме меѓу првите три екипи во земјава. Сепак, достигнувањето на овие ученици може да ги мотивира и помладите генерации повеќе да тренираат и да се обидат да влезат во тимот и да постигнат врвни резултати. Училиштето ги доживеа играчите како големи херои и тие можат да ги поттикнат другите деца.

# И позицијата и опозицијата се залагаат

Советот на Општина Гази Баба брои 27 советници од 13 политички партии, меѓу кои се ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ЛП, ТМРО, ДПА, ПДП, НДП, ВМРО-НП, ВМРО-Македонска, СДСМ, ЛДП, ДУИ и еден независен советник. Како член на Советот на Општина Гази Баба, од советничката група на ВМРО ДПМНЕ, Марјан Крстевски е задоволен од неговото функционирање во периодот на неговиот мандат.

-Ова е мој прв мандат како член на Советот на Општина Гази Баба, меѓутоа, анализирајќи го работењето на предходните, сметам дека квалитетот на сегашниот отскокнува. Неспоредливо е поголем бројот на донесени одлуки со кои се решаваат комуналните, инфраструктурните и другите проблеми со кои се соочуваат жителите на Општината, во споредба со оние кои беа донесувани во текот на работењето на претходните Совети. Мој впечаток е дека овој состав на Советот на Општина Гази Баба е најуспешен од сите претходни досега, вели Крстевски.

Тој смета дека кога се во прашање донесување на одлуки од битно значење и интерес на граѓаните, советниците и од позицијата и од опозицијата во досегашното работење на Советот покажале единство.

Потврда за усоглесаноста во работата на Советот на Општина Гази Баба е и донесувањето на низа одлуки кои се од големо значење за општината и нејзините жители. На почетокот на годинава, меѓу другите се донесени: Предлог-одлуките за донесување на Детален урбанистички план за ,,Маџари-Хиподром,,-Скопје, за комунален ред во Општина Гази Баба, за донесување на ДУП за М.З.,,Маџари 1,, Источна индустриска зона Блок (Централен дел)-Скопје, за формирање на локален совет за превенција, за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот во Општина Гази Баба, за утврдување Нацрт на ДУП за Источна индустриска зона, локалитет 40,41,42-Скопје, за одобрување на Проектите за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа, како и предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопскиот плански регион. Потоа, усвоен е извештајот за работа и резултатите од работењето на Ј.К.П.,,Гази Баба - 2007,, за 2007 година. Советот даде и согласност на Програмата на Ј.К.П.,Гази Баба - 2007,, за одржување на јавни зелени површини, комунална хигиена и водоснабдување на населението на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година, донесе и предлог-план за управување со отпад во Општина Гази Баба за 2008 година.

-Дека владее хармонија во работата на Советот говори и податокот дека иако на почетокот меѓу советниците постоеше доза скептицизам, кога требаше да изврши усогласување со законот, односно да се донесе одлука за намалување на нивниот надоместок, тие увидоа дека тоа мора да се испочитува и на крајот сепак едногласно ја донесовме, иако тоа не беше во наша полза, оцени Крстевски.

Тој објасни дека предходно, за тоа позитивно мислење дала и Комисијата за Финанасии и боџет на која Крстевски е претседател.

-Јас сум претставник на граѓаните кои ме избрале, затоа секојдневно контактирам со нив. Преку Советот и градоначалникот им помагаме во решавање на сите комунални, инфраструктурни и други проблеми кои заеднички ги делиме и воедно на тој начин да ги подобриме условите за живот, објасни Крстевски.

За Крстевски е нормално при донесување на одредени одлуки да има и спротивставени мислења и концепти по одредени прашања, но сепак на крајот кога се во прашање интересите на граѓаните, тие сепак добиваат зелено светло.

Крстевски сметка дека квалитетното и успешно работење не остава многу простор за опструирање на нормалното функционирање на Советот, од страна на опозицијата, но не негира дека тоа сепак понекогаш се случува. Како пример тој го наведе несогласувањето на советниците од опозицијата предводена од советничката грипа на СДСМ да се донесе Одлуката за формирање на општинското јавно комунално претпријатие, иако на крајот сепак надвладеале аргументите кои ја оправдале потребата од неговото постоење.

Консултациите меѓу советниците и градоначалникот на Општина Гази Баба, се редовни околу одлуките кои тој ги иницира, пред да бидат ставени на дневен ред на седница на Советот.

- Советот ги спроведува одлуките на градоначалникот, откако претходно ќе би-



дат усогласени меѓусебните ставови. Можам слободно да кажам дека соработката на Советот со градоначалникот е на највисоко можно ниво. Овој состав на Советот на Општина Гази Баба ја има таа среќа да работи со најуспешниот градоначалник во Република Македонија, секогаш подготвен да ве прими во неговиот кабинет да ве сослуша, да ги прифати вашите сугестии по одредени прашања во интерес на граѓаните, со единствена цел да се обезбеди поквалитетен живот за своиуте жители, потенцита Крстевски.

-Јас сум претставник на граѓаните кои ме избрале, затоа секојдневно контактирам со нив. Преку Советот и градоначалникот им помагаме во решавање на сите комунални, инфраструктурни и други проблеми кои заеднички ги делиме и воедно на тој начин да ги подобриме условите за живот, објасни Крстевски.

За тоа пак, колку градоначалникот Трајановски има слух за проблемите на граѓаните и им помага на советниците заеднички да се решат, Крстевски вели дека тој е еден од ретките челници на Општините кој може секојдневно да се види меѓу жителите.

-Мислам дека тоа доволно зборува за односот на градоначалникот кон граѓаните кои го избрале, рече Крстевски. Од друга страна пак, Општина Гази Баба е урбана, но и рурална средина во која има 13 села, кај кои сеуште постојат проблеми со водоснабдувањето, фекалната и атмосферската канализација, осветлувањето, се уште постојат неасфалтирани улици и невозмозно е за мандат од четири години сето тоа да се реши. Меѓутоа, споредбено со она што е направено за овие три години од работењето на овој Совет и градоначалникот, огромен дел од проблемите на граѓаните се решени, заклучи Крстевски.

**Членови на Советот на општина Гази Баба**

| | |
|---|---|
| Кире Бузлиев | (ЛП) |
| Ратко Илиевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Борис Јосифовски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Марјан Крстевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Елизабета Спасовска | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Тони Трајковски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Вукашин Стојанов | (ЛП) |
| Аница Пупиноска | (СПМ) |
| Дејан Наумовски | (ДС) |
| Благојче Трпковски | (независен) |
| Слободан Лаковски | (ТМРО) |
| Ељфет Исмаили | (ДПА) |
| Хајредин Сулис | (ПДП) |
| Хамзи Исени | (НДП) |
| Живко Зафировски | (ВМРО-НП) |
| Зоран Јовевски | (ВМРО-НП) |
| Соња Каранџулоска | (независен - поддржана од ВМРО-НП) |
| Зоран Коцевски | (ВМРО-НП) |
| Кирил Псалтиров | (ВМРО-МАК) |
| Јасминка Георгиева | (СДСМ) |
| Радмила Кирковска | (СДСМ) |
| Горанчо Паунов | (СДСМ) |
| Миодраг Станојевиќ | (НСДП) |
| Орде Стефков | (СДСМ) |
| Зоран Стојанов | (ЛДП) |
| Ерхан Али | (НА) |
| Џемаил Хамити | (НА) |

# за подобри услови за живот

СО ЕДИНСТВО ВО СОВЕТОТ ДО ПОЗИТИВНИ ОДЛУКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ



# "Агрокорн" потенцијален инвести

Изградба на комерцијални, деловно- трговски објекти, пазар на отворено кај сега постојниот Кванташки пазар и неколку објекти со намена домување се дел од содржините кои се опфатени со Деталниот урбанистички план "Технометал", донесен на последната седница на Советот на Општината Гази Баба.

Овој ДУП го зафаќа просторот на "Технометал Вардар" и кај Кванташкиот пазар. Поконкретно, од југ се граничи со улицата "Индустриска 3", од исток со улицата "Индустриска 7", од северната Индустриска 2, односно Перо Наков" и од запад улицата "Индустриска 5".

Се работи за урбан зафат кој зафаќа површина од 20,54 хектари. Од нив, 18,71 хектари се наменети за големи трговски единици со висина од 10 и 20 метри и катност П+1. Вкупната површина на градење според ДУП е 199,76 метри квадратни.

Деталите како што објасни Мирослав Марковски раководител на Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште, ќе зависат од урбанистичките проекти и од желбата на инвеститорот.

Тој потенцираше дека параметрите што се дадени во ДУП се максимални површини потребни за градба во овој урбан модул

-Стратегиски партнер за реализарање на ДУП, е самата фирма АД "Техномаркет", а со свој капитал е заинтересиран да учествува и "Агрокорн". Тие најавуваат и други инвестиции во Македонија. Се надеваме дека со самиот ДУП и со прочистување на земјиштето, во смисла на сопственост на АД "Технометал", многу посериозно да се заинтересира Агрокорн. Од таа причина се направени измени и дополнувања на постојниот ДУП кои се состојат во окрупнување на урбанистичката парцела, потенцира Марковски. Тој објасни дека првобитно, со ДУП биле предвидени повеќе урбанистички парцели, 5 или 6, кои што оневозможувале окрупнување на можноста за градба и настап на голем гигант каков што е "Агрокорн".

Според Програмата за 2008 година е зацртано донесување на уште 30 нови салоните пак на Мерцес и Автокуќа е предвиден голем објект наменет за лесна индустрија, со површина од 90.000 метри квадратни, кој ќе се гради на земјиште со површина 30.000 метри квадратни. Во рамките на објекти за лесната индустрија се предвидени 30 проценти изложбено-продажен салон, 30 проценти магацини со администрација и исто така 30 проценти ќе бидат наменети за лесна индустрија.

-Веќе неколку инвестори се заинтересирани за реализирање на овој план. Разговарано е со нив, а од нив до сега најмногу интерес покажа инвеститор од Израел, информираше Марковски

Земјиштето на оваа урбанистичка парцела е мешовито, односно 51 процент е приватно, а останатото е државно.

-Разговарано е со двата сопственика на проватното земјиште. Тие начелно се сложуваат да го оттуѓат земјиштето за да може новиот инвеститор да ја доформи урбанистичката парцела, за што е информиран и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски. Со други зборови, најтранспаретно е настапено во однос на таа локација од која во иднина очекуваме голем прилив на комуналии односно надоместок за уредување на градежно изградено земјиште, потенцира Марковски.

Тој исто така наведе дека Нацрт ДУП се направени и за два блока: населбата Автокоманда, од улицата "Лазар поп-Трајков" кон јужниот дел, односно кон булеварот "Александар Македонски" и вториот блок, во северниот дел кон улицата "16 Македонска бригада".

За сега е подготвен само Нацрт планот за јужниот дел да оди на усвојување на седница на Советот на Општина Гази Баба. Според него е предвидено сите објекти да добијат еден кат и поткрив, освен кулите. Ново што предвидува овој ДУП е атрактивниот плоштад меѓу воената кула и детската градинка. Веќе е изработен урбанистичкиот проект за неговото партерното уредување. На плоштадот е предвидено да има грандиозен споменик и музичка фонтана, како и мини бина. Самиот плоштад ќе биде поплочен и ќе чини повеќе од 500.000 евра. Плоштадот се планира да




ДУП на територијата на Општина Гази Баба. Од нив, приоритет имаат неколку кои се веќе изработени во нацрт-верзија. Тоа се: Источна индустриска зона 40, 41 и 42 (Кланица). Овој план предводува две бензински пумпи од кои едната е на булеварот "Војводина", а другата на улицата "Перо Наков" што води кон Металски завод Тито. Спроти авто- влезе во туристичките разгледници на град Скопје, со други зборови ќе биде современ проткаен со уметност и обележан од историјата на македонскиот народ.

Следната недела на седница на Советот ќе се најде и ДУП "Енгротуш", наречен по фирмата која се јавува како инвеститор. Планот го опфаќа делот од десната страна од улицата "Благоја Стефковски". Тоа е површината спроти бензинската пумпа "Мак Петрол", се до сервисот на градежната оператива на "Мак Петрол". Предвидено е инвеститорот "Енгротуш", веднаш по донесувањето на ДУП да изгради типски трговски центар, сличен на оној што неодамна беше отворен во Штип.



Се работи за урбан зафат кој зафаќа површина од 20,54 хектари. Од нив, 18,71 хектари се наменети за големи трговски единици со висина од 10 и 20 метри и катност П+1. Вкупната површина на градење според ДУП е 199,76 метри квадратни

# итор за просторот на "Технометал"

-Тие имаат намера да прават синџир од типски трговски центри според стандарди што тие ги зацртале, за што ја имаат и нашата поддршка овде на територијата на нашата Општина. Во рамките на овој ДУП очекуваме да инвестираат и други заинтересирани компании или фирми, меѓу кои и "Мак Петрол". Постојат и инвеститори кои се подготвени да оттуѓат приватно земјиште, а пак општината да им излезе во пресрет со тоа што проектираше исклучиво по сопственички права. Општината им дава логисточка поддршка на новите инвеститори, со тоа што она што го предвидува и црта во ДУП, овозможува брзо да се ефектуира со добивање на одобрение за градби, истакна Марковски.

Тој се надева дека оваа гарнитура ќе го добие и наредниот мандат и на тој начин ќе може ги покрие сите простори на Општина Гази Баба со ДУП, во рамките на ГУП, но и со урбанистичка документација за руралните средини надвор од ГУП, бидејќи на територијата на оваа општина се наоѓаат 15 села, односно речиси 50 проценти таа е рурална.



## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со општина Гази Баба

**Адреса:**

Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 21 51 12 |
| **e-mail** | contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk |
| **Интернет адреса** | www.gazibaba.gov.mk |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 20.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

Главен и одговорен уредник: Емилија Кипровска

Заменик главен и одговорен уредник: Неделчо Крстевски

Компјутерска обработка и дизајн: Дејан Стојанов

Печати: Европа 92

Тел: 02/3 22 28 76
3 22 66 55
3 23 89 66